**СОЈУЗ НА МАТЕМАТИЧАРИ**
**НА МАКЕДОНИЈА**

# РЕГИОНАЛНИ НАТПРЕВАРИ ПО МАТЕМАТИКА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ 2024

- Регионалниот натпревар за учениците од средното образование ќе се одржи на **2.03.2024**, со почеток во 10.00 часот. Учениците треба да се во училиштето домаќин меѓу 9.00 - 9.30 часот.
- Домаќините и регионалните координатори ќе бидат објавени на страната на СММ www.smm.org.mk .
- Учениците кои остварија право на учество на регионалниот натпревар, треба да уплатат котизација за регионалниот натпревар во износ од 300 денари на сметката на Сојузот, со назнака котизација за регионален натпревар. Скенираните уплатници секој училишен координатор или ментор да ги испрати на smm.sredno@gmail.com. Уплатата може да се изврши најдоцна до 29.02.2024.
- Регионалниот натпревари ќе го задржат стандардниот формат со 4 задачи согласно темите за натпревари. Изборот на задачи за натпреварите е должност на комисијата за општински, регионални и државни натпревари за средно образование. Комисијата има обврска да изврши избор на 2 (од вкупно 4) задачи од објавените задачи од рубриките Задачи од училницата и Задачи, од научно-популарното списание Сигма, како и две задачи по слободен избор. Учениците од прва година ги користат само првите два овогодишни броеви на Сигма, а останатите ученици - оние броеви на Сигма кои имале можност да ги обезбедат од почетокот на својата прва година средно училиште, заклучно со вториот број од оваа учебна година.

Претседател на комисијата за општински,
регионални и државни натпревари
за средни училишта

Проф. д-р. Анета Гацовска – Барандовска

Претседател на СММ

Проф. д-р Ѓорѓи Маркоски